*СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНАТА ШТИП*

| Службен гласник на Општината Штип Излегува по потреба | Број 13 16 ноември 2006 година Ш т и п | ГОДИНА XLIII |
|---|---|---|

259.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНО-ПРОИЗВОДНИ И УСЛУЖНИ РАБОТИ "ИСАР"-ШТИП

I

Се објавува Одлуката за давање согласност на Статутот на Јавното претпријатие за комунално-производни и услужни работи "Исар"-Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-3325/2
16 ноември 2006 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,

Панде Сарев, с. р.

260.

Врз основа на член 11 точка 1 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ", број 38/96, 6/02, 40/03 и 49/06) и член 21 точка 35 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 7 ноември 2006 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНО-ПРОИЗВОДНИ И УСЛУЖНИ РАБОТИ "ИСАР"-ШТИП

Член 1

Се дава согласност на Статутот на Јавното претпријатие за комунално-производни и услужни работи "Исар"-Штип.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Статутот на Јавното претпријатие за комунално-производни и услужни работи "Исар"-Штип.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-3325/1
7 ноември 2006 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

261.

Врз основа на член 19 став 2 точка 1 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ", број 39/96, 06/02, 40/03 и 49/06), Управниот одбор на Јавното претпријатие за комунално-производни и услужни работи "Исар"-Штип на седницата одржана на 25 август 2006 година, донесе:

# С Т А Т У Т
# НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНО-ПРОИЗВОДНИ И УСЛУЖНИ РАБОТИ "ИСАР"-ШТИП

## I. ОСНОВНИ ОПРЕДЕЛБИ

Член 1

Со Статутот на Јавното претпријатие за комунално-производни и услужни работи "Исар"-Штип се уредуваат: основањето, фирмата и седиштето, дејноста, застапувањето и претставувањето, организацијата, управувањето и раководењето со претпријатието, општите акти и постапката за нивно донесување, информирањето, планирањето, заштитата и унапредувањето на животната средина како и други прашања од значење за комуналното претпријатие.

Член 2

Јавното претпријатие за комунално-производни и услужни работи "Исар" (во понатамошниот текст- комунално претпријатие) се основа заради вршење на дејност од јавен интерес од комуналната област од јавен карактер, а кој е незаменлив услов за животот и работата на граѓаните, правните лица и на државните органи на територијата на Општина Штип.

Комуналното претпријатие има својство на правно лице со своја жиро сметка што се води при деловните банки, а за извршените и преземените обврски во правниот промет одговара со сиот свој имот.

## II. ОСНОВАЊЕ

Член 3

Комуналното претпријатие со свој акт го основа Советот на Општина Штип.

## III. ФИРМА, СЕДИШТЕ, ПЕЧАТ И ШТЕМБИЛ

Член 4

Фирмата и називот на Комуналното претпријатие е: Јавно претпријатие за комунално-производни и услужни работи "Исар"-Штип.

Скратен назив на фирмата на претпријатието е ЈП "Исар"-Штип, со П.О.

Член 5

Седиштето на Комуналното претпријатие е во Штип на улица "Генерал Михајло Апостолски" број 37.

Член 6

Комуналното претпријатие има свој печат и штембил.

Печатот има тркалезна форма со пречник од 30 мм.

Внатре е впишан текстот: Јавно претпријатие за комунално-производни и услужни работи "Исар"-Штип, П.О.

Штембилот е со правоаголна форма, со димензии 50мм. x 12мм. во кој покрај ознаката за бројот и датата е запишано: Јавно претпријатие за комунално-производни и услужни работи "Исар"-Штип, П.О.

Амблемот на Комуналното претпријатие претставува рециклирање на стари работи.

## IV. ДЕЈНОСТ

Член 7

Комуналното претпријатие ги обавува следните основни дејности:

1111111

- производство и дистрибуција на вода;
- пречистување и одводнување на отпадни води;
- уредување и одржување на паркови, зеленило и рекреациони површини;
- чистење на јавно-прометни површини;
- изнесување и депонирање на отпадоци;
- погребна служба, уредување и одржување на гробиштата;
- одржување и заштита на шуми;
- други неспомнати комунални услуги.

Сите дејности од претходниот став имаат карактер на јавен интерес и претставуваат незаменлив услов за животот и работата на граѓаните, правните лица и на државните органи на територијата на Општината Штип.

Член 8

Комуналното претпријатие ги обавува и дејностите кои не се опфатени во член 7 од Статутот и тоа:

1111111

- превоз на стока во патниот сообраќај;
- перење, чистење и боење на веш и облека;
- проектирање на градежни објекти за свој потреби;

- останата трговија на мешовита стока;
- санитарна и електротехничка стока;
- неспомнати услуги на подрачје на промет;
- услуги на пазар на големо и мало;
- останати услуги на големо и мало;
- трговија на мало со прехранбени производи;
- леб, пецива, млечни производи;
- зеленчук, овошје, нивна преработка;
- месо, преработка, риба и месна преработка;
- тутун и останати непрехранбени производи;
- изградба на хидроградежни објекти;
- премери и картирање на земјиште.

Член 9

Комуналното претпријатие може да ја промени дејноста и предметот на работењето. За промена на дејноста на претпријатието, со воведување на нова дејност и укинување на поедини дејности одлучува Управниот одбор на Комуналното претпријатие, на предлог на директорот.

За дејностите кои се од јавен интерес согласност дава основачот.

## V. ЗАСТАПУВАЊЕ И ПРЕТСТАВУВАЊЕ

Член 10

Комуналното претпријатие го застапува директорот.

Како застапник на претпријатието директорот е овластен во рамките на дејностите на претпријатието, да заклучува договори по претходна согласност на Управниот одбор, кој ги дава во форма на одлука и да врши други правни работи, како и да го застапува претпријатието пред судовите и другите органи.

Договори и другите акти кои се однесуваат на поголеми инвестициони работи, деловно техничка соработка со домашни и странски фирми, истражувања и развој, како и набавка и отуѓување на основни средства, директорот може да ги заклучи, по претходна добиена согласност на Управниот одбор во форма на одлука.

Член 11

Директорот на Комуналното претпријатија може да определи вработен кој во негово отсуство го заменува и го води тековното работење на Комуналното претпријатија.

Директорот може да даде писмено полномошно на друго лице заради застапување во одредени правни или финансиски работи.

Член 12

Директорот на Комуналното претпријатие и други работници кои го застапуваат Комуналното претпријатие, одговорни се ако при застапувањето на Комуналното претпријатие ги пречекорат овластувањата и склучат договори кои не се во врска со дејностите на Комуналното претпријатие, односно не се во рамките на правната способност на Комуналното претпријатие.

## VI. ОРГАНИ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

Член 13

Органи на Комуналното претпријатие се:

- Управниот одбор;
- Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење и
- Директорот

**Управен одбор**

Член 14

Управниот одбор на Комуналното претпријатие се состои од 5 (пет), членови кои ги именува и разрешува основачот од редот на афирмирани и познати стручњаци од областа на предметот на работењето на Комуналното претпријатие имајќи ја во предвид соодветната и правична застапеност на припадниците на сите заедници.

Член 15

Директорот на Комуналното претпријатие не може да биде член на Управниот одбор.

Член 16

Мандатот на членовите на Управниот одбор трае 4 (четири) години.

Никој не може, повеќе од двапати едно по друго да биде избран за член на Управниот одбор.

Член 17

Членот на Управниот одбор не може да има лично, преку трето лице или по било кој основ интерес во претпријатието кое е во деловни односи со Комуналното претпријатие, а кој можат да имаат влијание на неговата независност и непристрасност во одлучувањето на Комуналното претпријатие .

Секој член на Управниот одбор, како и директорот се должни да го предупредат основачот за постоење на ваков интерес од страна на еден или повеќе членови на Управниот одбор.

Неспоиви се функциите претседател и член на Управниот одбор на Комуналното претпријатие со функциите претседател на Владата на Репуплика Македонија и градоначалник на Општината.

Управниот одбор работи и одлучува на седници на кои се води записник.

Седниците на Управниот одбор се јавни.

Управниот одбор на својата прва седница избира претседател и заменик претседател.

До изборот на претседателот и заменикот претседател, со седницата раководи највозрасниот член на Управниот одбор.

Ч лен 18

Седниците на Управниот одбор ги свикува и со нив раководи претседателот, а во случај на негово отсуство или спреченост, заменикот на претседателот на Управниот одбор.

Претседателот свикува седница по потреба, а задолжително кога тоа го бара директорот на Комуналното претпријатие или најмалку една третина од вкупниот број на вработените на претпријатието.

Член 19

Управниот одбор ги врши следните работи:

- го донесува Статутот и други општи акти на Комуналното претпријатие и го следи нивното извршување;
- одлучува за статусните и други промени во согласност со Законот;
- ги усвојува програмата за работа и развој на Комуналното претпријатие;
- ја утврдува деловната политика;
- ја усвојува годишната сметка и извештајот за работењето;
- одлучува за средствата остварени со работењето на Комуналното претпри-јатие и покривањето на загубите;
- донесува одлука за инвестициони вложувања;
- ги утврдува цените на производите и услугите;
- одлучува за внатрешната организациона поставеност на Комуналното претпријатие;
- донесува програми, планови, одлуки и други акти во областа на одбраната;
- одлучува во втор степен по приговори;
- одлучува за вредноста на бодот на наградување;
- одлучува за службени патувања во странство;
- избира постојани и привремени комисии;
- врши други работи утврдени со Закон, Колективен договор, овој Статут и други општи акти на Комуналното претпријатие.

Член 20

Советот на Општината по предлог на министерот надлежен за работите од соодветната дејност може да даде на Управниот одбор на Комуналното претпријатие насоки од општ карактер во поглед на вршењето на одделни работи од делокругот на Управниот одбор утврдени во член 19 од овој Статут, за кои Општината смета дека се од интерес за Општината.

Насоките од општ карактер од став 1 на овој член неможе да се однесува на секојдневното управување со Комуналното претпријатие.

Член 21

Управниот одбор може полноважно да работи и да одлучува доколку се присутни повеќе од половината членови на Управниот одбор.

Одлуките на Управниот одбор се сметаат за донесени, ако за нив гласале повеќе од половината од сите членови на Управниот одбор.

Секој член на Управниот одбор има еден (1) глас.

Член 22

Комуналното претпријатие не може на претседателот или на член на Управниот одбор да им дава заеми или гаранции за заеми, кои тие ги склучиле со трети лица.

Преземените дејства спротивно на став 1 од овој член се ништовни и без правни дејства.

Член 23

Директорот на Комуналното претпријатие има право и должности да учествува во работата на Управниот одбор, во подготвувањето на седниците на

Управниот одбор, да укажува на законитоста на одлуките на Управниот одбор без право да одлучува.

Член 24

Со Деловникот за работа на Управниот одбор, поблиску се уредува начинот на работата на Управниот одбор.

**Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење**

Член 25

За вршење на контрола на материјално-финансиското работење на Комуналното претпријатие се формира Надзорен одбор за контрола на финансиско-материјалното работење (во понатамошниот текст: Надзорен одбор) составен од пет членови.

Членовите на Надзорниот одбор ги именува односно разрешува Советот на Општината.

Мандатот на членовите на Надзорниот одбор не може да биде подолг од четири (4) години.

За членови на Надзорниот одбор можат да се именуваат лица со високо образование, кои поседуваат знаења и искуство особено од дејноста на финансикото и сметководственото работење.

Членовите на Надзорниот одбор, можат да присуствуваат на седниците на Управниот одбор и им се доставува покана со сите материјали што им се доставуваат и на членовите на Управниот одбор.

Надзорниот одбор задолжително ги прегледува годишните сметки и извештаите за работата на Комуналното претпријатие и по прегледувањето дава свое мислење на Управниот одбор.

Управниот одбор не може да ги усвои годишните сметки ако претходно не добие позитивно мислење од Надзорниот одбор.

Надзорниот одбор задолжително се состанува најмалку четири пати годишно.

Членот 17 став 1 и став 2 од овој Статут се однесува и на членовите на Надзорниот одбор.

**Директор**

Член 26

Со работата на Комуналното претпријатие раководи директор што го избира, односно разрешува градоначалникот на Општината.

Изборот на директор се врши врз основа на јавен конкурс, што го распишува градоначалникот на Општината.

Член 27

Директорот се избира со мандат од (4) години. За директор на Комуналното претпријатие може да се избере лице кое покрај општите услови предвидени со Закон, треба да ги исполнува и следните посебни услови:

- да има завршено висока стручна спрема VII степен на образование, градежен, економски, правен или земјоделско-шумарски факултет;
- да има 6 години работно искуство;
- да предложи програма за работа и развој на претпријатието.

Директорот склучува договор со градоначалникот на Општината за уредување на односите со претпријатието, во кој поединечно се утврдуваат правата, одговорностите и овластувањата согласно закон.

Директорот на претпријатието за својата работа одговара пред градоначалникот на Општината.

Член 28

Директорот на Комуналното претпријатие:

- раководи со Комуналното претпријатие;
- го обезбедува спроведувањето на одлуките и заклучоците на Управниот одбор;
- учествува во спроведувањето на основите на програмата за работа и развој и е одговорен за нејзиното реализирање;
- учествува во утврдувањето на критериумите за користење и располагање со средствата и употреба на средствата остварени со работењето на претпријатието;
- врши усогласување на деловната политика на претпријатието;
- заклучува договори во име на претпријатието;
- ги информира работниците за целокупното работење на претпријатието;
- издава налози (наредби, решенија и упатства) и го организира процесот на работата во Комуналното претпријатие;
- одобрува службени патувања во земјата;
- решава за распоредување на одредени работници на одредени работни задачи;
- одлучува за прием на работници;
- одлучува за престанок на работниот однос на работници во Комуналното претпријатие согласно Закон и Колективен договор;
- се грижи за реализација на програмите и плановите за одбрана;
- врши и други работи утврдени со Закон, Колективен договор, овој Статут и други општи акти на Комуналното претпријатие.

Член 29

Функцијата директор е неспоива со функцијата пратеник во Собранието на Република Македонија. функцијата претседател и член на Владата на Република Македонија, како и член во Советот на Општината и градоначалник на Општината.

Членот 19 став 1 од овој Статут се однесува и на директорот.

Член 30

Директорот и членовите на Управниот одбор и членовите на Надзорниот одбор, ако извршат, односно донесат одлука за која знаеле или за која со оглед на околностите, морале да знаат дека ги повредува интересите на Комуналното претпријатие, одговараат неограничено и солидарно за штетата настаната со таквата одлука. Одговорноста се утврдува согласно одредбите од Законот за трговски друштва кои се однесува на органите на управување.

## VII. ДРУГИ ОРГАНИ И ТЕЛА

Член 31

Управниот одбор на Комуналното претпријатие за извршување на одредени работи формира постојани и повремени комисии и други работни тела.

Бројот на членовите на комисиите и другите работни тела изнесува 3 члена, со исклучок на Комисијата за јавни набавки која брои 7 члена, а нив ги избира Управниот одбор.

Комисиите ги свикува и со нив раководи претседателот.

Комисиите работат на седници и решаваат во прв степен.

Член 32

Директорот на претпријатието како свое советодавно тело формира стручен колегиум, кој претставува советодавен, стручен и оперативен орган.

Колегиумот се свикува и со него раководи директорот на претпријатието, а неговиот состав во зависност од прашањата кои се третираат го определува директорот на претпријатието.

Член 33

Стручниот колегиум разгледува стручни и организациони прашања од интерес на претпријатието.

За ставовите и мислењата и заклучоците кои се донесуваат на стручниот колегиум се води записник.

## VIII. ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

Член 34

Дејностите и работите на Комуналното претпријатие се обавуваат преку следните работни единици (во понатамошниот текст РЕ):

1. РЕ - "Водовод и канализација"

- работи кои се сврзани за одржување, реконструкција и изградба на водоснаб-дителни и одводнителни системи, одржување на системи за пречистување на водо-водните и одводните објекти и други работи од обласа на водоснабдувањето, одводнувањето и пречистувањето на водата.

2. РЕ - "Комунална хигиена"

- одржување на чистотата на УПП и други неуредени површини, изнесување и депонирање на смет од домакинствата, претпријатијата и установите, одржување и управување со депонијата на смет и одржување на јавните вецеа и нивна дезин-фекција.

3. РЕ - "Погребна служба"

- врши погребни услуги, уредување и одржување на гробиштата и изградба на надгробни споменици.

4. РЕ - "Пазар и наплатна служба"

- врши пазаришни услуги и наплата на такса за вода и ѓубре од домакинствата.

5. РЕ - "Зеленило и спортски објекти"

- врши уредување и одржување на паркови, зелени и рекреациони површини, одржување на спортските објекти и заштита и чување на шуми во приградскиот појас.

6. РЕ - "Бања Кежовица со хемиско чистење"

- обезбедува услови за бањско капење на граѓанството, обезбедува услови за ноќевање на капачите, обезбедување на капачите со прехранбени производи (ладни јадења), безалкохолни и алкохолни пијалоци, врши хемиско чистење на сите видови облека, перење и пеглање на постелината и секаков вид веш.

7. Заеднички служби"

Заедничките работи на Комуналното претпријатие се обавуваат преку следните сектори:

1. Сектор за правни кадрови и општи работи

- застапување на Комуналното претпријатие пред сите судови и водење на целокупната евиденција во врска со утужувањата и побарувањата, реализирање на побарувањата по судски пат, изготвување на општи акти, водење на кадрова евиденција, технички работи околу приемот на работници, работи од социјалната политика, вршење на дактилографски, архивски и други работи.

2. Сметководствено-финансов сектор

- водење и устројување на целокупното книговодство, изработка на периодични и годишни пресметки, планско-аналитички и статистички работи и други работи од сметководствено-финансова природа.

3. Комерцијален сектор

- ги врши сите видови набавки и евидентирање;

- магацинско работење и друго.

4. Сектор за обезбедување, заштита, ОНО и ОСЗ

- ги организира физичкото обезбедување на објектите и обезбедува технички средства за непречено вршење на работите, заштита при работа, противпожарна заштита, општонародна одбрана и општествена самозаштита.

## IX. АКТИ НА КОМУНАЛНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ

### Член 35

Акти на Комуналното претпријатие се:

- Статут на Комуналното претпријатие;
- Правилник за организација и систематизација на работните места;
- Колективен договор на ниво на работодавач;
- други поединечни акти акти.

Актите на претпријатието мора да бидат во согласност со Статутот на прет-пријатието.

Сите акти на претпријатието се огласуваат на огласна табла.

Толкувањето на општите акти го дава Управниот одбор.

## X. ИНФОРМИРАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ

Член 36

Управниот одбор и директорот се одговорни за редовно, вистинско информирање на работниците за севкупното работење на претпријатието за остварување и распределба на добивката за располагањето, користењето и здружувањето на средствата, како и за други прашања од значење за работата на работниците на претпријатието во целина.

Работниците, основачот и градоначалникот за работата на Комуналното претпријатие се информираат преку членовите на Управниот одбор и директорот.

## XI. ПРОГРАМА И РАЗВОЈ НА РАБОТЕЊЕТО НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

Член 37

Со цел за зголемување на добивката и развој на претпријатието, се донесува Програма за работа и развој на претпријатието.

Програмата за работа и развој на претпријатието ја донесува Управниот одбор на предлог на директорот, а истата ја усвојува Советот на Општината.

## XII. ОДБРАНА

Член 38

Работниците во претпријатието имаат право и должност да учествуваат во организирањето и остварувањето на одбраната и да вршат работи од областа на цивилната заштита во согласност со Закон.

Член 39

Работниците во претпријатието ја остваруваат одбраната со организирање на работи и задачи од областа на одбраната со обезбедување на средства, донесување на акти, планови за одбрана, одлуки, програми и преземање на мерки и активности за реализирање на тие планови и програми на одбраната.

Програмите, плановите, одлуките и актите за активностите од одбраната ги утврдува и донесува Управниот одбор.

Директорот на претпријатието е одговорен за нивното спроведување.

## XIII. ЗАШТИТА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Член 40

Со цел за заштита и унапредување на животната средина, Управниот одбор на претпријатието донесува програма, акти и соодветни одлуки и мерки, обезбедува средства за таа намена, а по потреба формира органи и задолжува поединци кои ќе се грижат за спроведување на програмата, одлуките и мерките.

## XIV. СИНДИКАТ

**Услови за работа на Синдикатот**

Член 41

Комуналното претпројатие е должно да создаде услови за активноста на Синдикатот во врска со заштита на правата на работниците од работниот однос, утврдени со Закон и Колективен договор.

Активноста на Синдикатот во согласност со став 1 од овој член, не може да се спречи со акт на Јавното претпријатие.

Член 42

На барање на Синдикатот, Комуналното претпријатие доставува податоци и информации за оние прашања што имаат најнепосредно влијание на материјалната и социјалната положба на Синдикатот (работниците) и ги разгледува мислењата и предлозите на Синдикатот во постапката на донесување на одлуки и решенија што имаат битно влијание на материјалната и социјалната положба, односно во остварувањето на правата на работниците.

На синдикалниот претставник му се овозможува непречено комуницирање со Комуналното претпројатие или овластено лице кога тоа е неопходно за остварување на функциите на синдикатот.

Член 43

Комуналното претпријатие обезбедува стручни, административни и технички услови за работа на Синдикатот за остварување на синдикалните функции, како и услови за наплата на чланарината во договор со надлежните органи на ЈКП.

Член 44

Претставникот на Синдикалната организација има посебна заштита и не може да биде повикан на одговорност, ниту доведен во понеповолна положба, вклучувајќи го и престанокот на неговиот работен однос поради членство во Синдикатот или учество во синдикалните активности со кои се штитат правата и интересите на работниците ако постапува во согласност со Закон и Колективен договор.

Посебната заштита на претставникот на синдикатот трае за време на неговиот мандат и две години потоа за синдикалните активности согласно став 1 на овој член што ги презел за време на неговиот мандат.

Член 45

Претставникот на Синдикалната организација поради синдикални активности со кои се штитат правата и интересите на работниците не може:

- да биде распореден на друго работно место кај ист или друг работодавец;
- да биде утврден како технолошки вишок и распореден по тој основ;
- против него да се покрене постапка, односно да му престане работниот однос со отказ.

Член 46

На претставникот на Синдикатот треба да му се овозможи ослободување од работата на негово оспособување и ефикасно вршење на функциите на Синди-катот. Начинот, времето и условите на ослободување од работа на синдикалниот претставник се уредуваат со Колективен договор на ниво на Комуналното претпријатие.

Член 47

Членот на Синдикатот кој е избран, односно именуван во органите на Синдикатот чие вршење бара привремено да престане од работа кај Јавното претпријатие, има право по престанување на функцијата што ја вршел да се врати во Комуналното претпријатие на работи и работно место кое одговара на неговата стручна подготовка за што се склучува посебен договор со Комуналното претпријатие.

## XV. ШТРАЈК

Член 48

Работниците на Комуналното претпријатие имаат право на штрајк согласно Законот за јавните претпријатија.

Кога ќе одлучат да го користат правото на штрајк, ќе формираат штрајкувачки одбор кој 7 дена пред денот кога имаат намера да најават штрајк кај директорот на претпријатието ќе достават писмено предупредување во кое ќе ги изнесат причините за штрајкот.

Ако штрајкувачкиот одбор во рок од 15 дена од денот на предупредувањето не постигне согласност, одлуката за стапување во штрајк треба да се достави до директорот 7 дена пред да отпочне штрајкот. Одлуката треба да содржи: место, дата, час, траење на штрајкот и задолжително се приложува изјава за начинот, мерките со кои ќе се обезбедат физичката сигурност на вработените и заштита на опремата и инсталациите како и извршување на обврските спрема граѓаните, правните лица и државните органи и само под услов да се обезбеди неопходното ниво на процесот на работата со кое ќе нема да се загрози животот, здравјето и економската и социјалната сигурност на граѓаните и неопходното одвивање на другите дејности во земјата.

Член 49

Времето за започнување и запирање на работењето не може да биде различно за одделни категории на вработени, ниту за одделни лица меѓу вработените.

Забрането е сукцесивно распоредување на запирањата или сменувањето на различни групи на вработени или делови од претпријатието.

Штрајкувачкиот одбор не може да ги спречува работниците кои според Законот не можат да учествуваат односно не сакаат да учествуваат во штрајкот.

Непочитувањето на одредбите од овој член претставува повреда на работната дисциплина.

Член 50

Основачот со акт ќе утврди кои лица носители на раководни функции од кои зависи техничко-технолошкиот процес и се од незаменливо значење за одвивање на дејноста на претпријатието не можат да учествуваат во штрајкот и ги пропишува нивните обврски односно како да постапуваат:

- ги утврдува работните места и начинот на извршување на работните задачи на работните места од кои зависи вршењето на дејности од јавен интерес и од кои може да се загрози сигурноста на луѓето, инсталациите и опремата и кога вработените не можат да ја запрат работата без предупредување дадено во рок од член 58 на овој Статут;

- да издаде наредба за индивидуална или групна мобилизација на вработените.

Работникот кој нема да постапи согласно со Наредбата за мобилизација сторил повреда на работната дисциплина.

Член 51

Ако објектите и административните простории бидат запоседнати од вработените спротивно на Законот и Статутот, директорот ќе преземе мерки за нивно отстранување.

(Ние мислиме дека одредбите за штрајк од член 58 до 61 не треба да стојат тука само да стои согласно Законот за јавни претпријатија. Предлагаме штрајкот да се разработи во колективен договор на ниво на работодавец).

## XVI. ОСТВАРУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС ВО ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА

Член 52

Во случај на нарушување на работењето, односно вршењето на дејноста на Јавното претпријатие, не ги извршува со Закон утврдените обврски, а што не е последица на неизвршувањето на обврските од страна на основачот утврдени со актот за основање, основачот може да преземе мерки со кои се обезбедуваат услови за непречено работење на јавното претпријатие.

Член 53

Нарушувањето на работењето на јавното претпријатие настанало:

1. Ако со начинот на работењето на јавното претпријатие не се обезбедува трајно и непречено вршење на производството и прометот на определени производи и пружење на услуги, или остварување на планот за развој на начин утврден со Закон со што се нанесува штета или може да се нанесе штета на корисниците.
2. Ако со располагање на средствата се менува основната намена на средствата, се менуваат и основните услови за работењето на јавното претпријатие утврдени во согласност со Закон заради остварување на јавениот интерес на јавното претпријатие, со што суштествено се отежнува вршењето на неговата дејност утврдена со актот за основање и во други случаи утврдени со Закон.

Член 54

Во случајот од член 53 спрема Јавното претпријатие, основачот може да ги преземе следните мерки:

1. да го разреши Управниот одбор;

2. да го разреши Надзорниот одбор за контрола;

3. да ја промени организацијата на јавното претпријатие;

4. да го запре од извршување актот на јавното претпријатие, кој е спротивен на Законот;

5. да го запре од извршување актот на јавното претпријатие, ако го доведува во прашање остварувањето на основните функции на јавното претпријатие;

6. други мерки утврдени со посебниот закон со кој се уредуваат условите и начинот на вршење на одделна дејност од јавен интерес.

Член 55

Ако основачот го разреши Управниот одбор, овластувањата на Управниот одбор, основачот ги пренесува на еден или повеќе претставници кои се именуваат со мандат од најмногу шест (6) месеци.

## XVII. ДЕЛОВНА ТАЈНА

Член 56

Како деловна тајна се сметаат сите оние документи и податоци кои како такви се прогласени со овој Статут, Закон и друг акт.

Член 57

Покрај документите и податоците кои се прогласени за деловна тајна со Закон или друг акт како деловна тајна на претпријатието се сметаат и планови за физичко обезбедување на имовината и објектите, планови за противпожарна заштита, техничка документација, катастар на подземната инсталација, податоци кои како такви ќе бидат прогласени со акт или одлука на Управниот одбор на претпријатието.

Член 58

За секој документ или податок се утврдува степенот на доверливост, со ознака "доверливо" или "строго доверливо". Материјалите кои се сметаат за деловна тајна се чуваат одвоено од другите материјали, под специфични услови најчесто со соодветни каси.

Достапноста и ракувањето со истите имаат само директорот и други овластени работници. Секоја злоупотреба со користењето, предавањето или овозможување на друг достапност на истите, претставува повреда на работната обврска.

## XVIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 59

Статутот ќе се смета за донесен ако за истиот гласале повеќе од половината од сите членови на Управниот одбор.

Член 60

Сите акти во Комуналното претпријатие ќе се усогласуваат со Статутот во рок од 6 месеци од стапувањето во сила на овој Статут.

Член 61

Измените и дополнувањата на овој Статут ќе ги врши Управниот одбор на начин и постапка како и при неговото донесување.

Толкувањата и одредбите на овој Статут ќе ги дава Управниот одбор.

Член 62

Со влегувањето во сила на овој Статут престанува да важи Статутот на Јавното комунално претпријатие "Исар"-Штип број 0102-371/2 од 19 јуни 1997 година.

Член 63

Овој Статут влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип", а по претходна согласност на основачот.

Број _________
_________ 2006 година

Ш т и п

Управен одбор
Претседател,

Горан Даскалов, с. р.

262.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА УРБАНИЗАМ И УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ "ШТИП-ПРОЕКТ"-ШТИП

I

Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за урбанизам и уредување на градежното земјиште "Штип-проект"-Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-3326/2
16 ноември 2006 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,

Панде Сарев, с.р.

263.

Врз основа на член 11 точка 1 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ", број 38/96, 6/02, 40/03 и 49/06) и член 21 точка 35 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 7 ноември 2006 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА УРБАНИЗАМ И УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ "ШТИП-ПРОЕКТ"-ШТИП

Член 1

Се дава согласност на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за урбанизам и уредување на градежното земјиште "Штип-проект"-Штип.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за урбанизам и уредување на градежното земјиште "Штип-проект"-Штип.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-3326/1
7 ноември 2006 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

264.

Врз основа на член 19 став 1 точка 1 и член 20 став 1 точка 1 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ", број 38/96, 6/02, 40/03 и 49/06), Управниот одбор на ЈП "Штип-проект"-Штип на 4 септември 2006 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА УРБАНИЗАМ И УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ "ШТИП ПРОЕКТ"-ШТИП

Член 1

Во Статутот на ЈП "Штип-проект"-Штип број 0302-165 од 19 јуни 1997 година во член 2 став 2 зборот "стопански" се брише.

Се додават два нови става 3 и 4 кои гласат:

"Дејности од јавен интерес се дејностите или одделни работи од дејности со кои се остварува јавен интерес.

Во извршувањето на дејностите од јавен интерес, јавното претпријатие треба да ги почитува следните принципи: сигурност во давањето на услугите, континуитет и квалитет на услугата, транспарентност, достапност и универзална услуга, заштита на корисниците и потрошувачите".

Член 2

Членот 3 се менува и гласи:

"Советот на Општината Штип го основа јавното претпријатие со донесување на акт за основање".

Член 3

Членот 4 се менува и гласи:

Јавното претпријатие во рамките на својот делокруг на работењето ги врши следните дејности:

| | | |
|---|---|---|
| 45 | _______ | Градежништво |
| 45.1 | _______ | Подготвување на градилиште |
| 45.11 | _______ | Уривање и демонтирање на објекти-земјани работи |
| 45.2 | _______ | Изградба на цели објекти или нивни делови: нискоградба |
| 45.21 | _______ | Подигање на згради (високоградба) и изградба на објекти на нискоградба |
| 45.21/2 | _______ | Изградба на објекти на нискоградба |
| 45.23 | _______ | Изградба на автопатишта и други сообраќајници |
| 45.24 | _______ | Изградба на хидроградежни објекти |
| 45.25 | _______ | Други градежни работи, вклучувајќи и специфични работи |
| 45.3 | _______ | Инсталатерски работи |
| 45.31 | _______ | Поставување електрични инсталации и прибор |
| 45.32 | _______ | Изолациони работи |
| 45.33 | _______ | Поставување на водоводни инсталации |
| 45.34 | _______ | Други инсталатерски работи |
| 45.50 | _______ | Издавање на опрема и машини за изградба или уривање, со оператор; |
| 74.20 | _______ | Архитектонски и инженерски активности и соодветни технички совети; |
| 74.20/1 | _______ | Просторно и урбанистичко планирање |
| 74.20/2 | _______ | Проектирање |
| 74.20/3 | _______ | Инженеринг |
| 74.20/4 | _______ | Премер на земјиште |
| 74.20/5 | _______ | Други технички активности |
| 74.30 | _______ | Технички испитувања и анализи |

Шифра на дејност на ЈП е 45.11-Уривање и демонтирање на објекти - земјани работи.

Член 4

Во член 8 зборовите "Одбор за контрола на материјално-финансиското работење" се заменуваат со зборовите "Надзорен одбор за контрола".

Член 5

Во член 9 став 1 се менува и гласи:

"Управниот одбор на ЈП се состои од 5 (пет) членови".

По ставот 1 се додаваат два нови става 2 и 3 кои гласат:

"Членовите на УО ги именува односно разрешува основачот.

За членови на УО основачот може да именува преставници од редот на афирмирани и познати стручњаци во областа на предметот на работењето на јавното претпријатие имајќи ја во предвид соодветната и правилната застапеност на припадниците на сите заедници."

Ставот 2 станува став 4.

Член 6

Во членот 10 ставот 4 се брише.

Член 7

Во членот 11 став 2 точка 2 се брише, а точките 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12 и 13 стануваат точки 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11 и 12.

По точката 4 се додаваат две потточки 4а и 4б кои гласат:

"а) Усвојува тримесечни извештаи со показатели за финансиското работење и врши доставување на истите до Советот на Општината;

б) Ги усвојува извештаите за попис на средства и изворите на средства".

По точката 11 се додаваат две потточки 11а и 11б кои гласат:

"а) донесува планови за јавни набавки;

б) донесува одлуки за набавка и отпишување на основни средства".

Член 8

Членот 12 се менува и гласи:

"Управниот одбор може полноправно да работи и да одлучува доколку се присутни повеќе од половината членови на УО".

Член 9

Насловот на точката 5 се менува и гласи:

"Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење".

Член 10

Во членот 13 став 1 после зборот "одбор" се става запирка и се додаваат зборовите "на претседателот или на член на надзорниот одбор, или на директорот на јавното претпријатие".

Член 11

Во членот 14 зборовите "Одбор за контрола" се заменуваат со зборовите "Надзорниот одбор за контрола".

Член 12

Во член 15 на крајот од ставот 2 точката се брише, се става запирка и се додаваат зборовите:

"по прегледувањето му дава мислење на УО, кој не може да ги усвои годишните сметки и извештајот за работењето ако претходно не добие позитивно мислење од Надзорниот одбор".

По став 2, се додава нов став 3 кој гласи:

"Надзорниот одбор задолжително се состанува најмалку четири пати годишно".

Член 13

Во членот 16 во ставот 1 зборот "именува" се заменува со зборот "избира", а зборот "основачот" се заменува со зборот "градоначалникот на Општината".

Ставот 2 се менува и гласи:

"Директорот може да определи вработен кој во негово отсуство го заменува и го води тековното работење на ЈП".

По став 2 се додава нов став 3 кој гласи:

"Изборот на директорот се врши врз основа на јавен конкурс."

Член 14

Во членот 17 зборот "именува" се заменуваат со зборот "избира".

Ставот 2 се менува и гласи:

За директор на ЈП може да се избере лице кое покрај општите услови предвидени со Закон, треба да ги исполнува и следните посебни услови:

- да има завршено висока стручна спрема - градежен, архитектонски или економски факултет и
- да има работно искуство од 5 години во струката".

Член 15

Во член 18 се додава нов став 2 кој гласи:

"Директорот е должен веднаш да го предупреди УО за Одлука која не е во согласност со Уставот, односно е во спротивност со Законот или со која се повредуваат интересите на ЈП или му се нанесува штета на истото".

Член 16

Членот 19 се менува и гласи:

"Директорот на ЈП за својата работа одговара пред градоначалникот на општината.

Директорот на ЈП склучува договор со градоначалникот на општината за уредување на односите со ЈП во кој поединечно се утврдуваат правата, одговорностите и овластувањата согласно со Закон.

Директорот, членовите на Управниот одбор и членовите на надзорниот одбор, ако извршат односно донесат одлука за која знаеле или за која со оглед на околностите, морале да знаат дека ги повредуваат интересите на ЈП, одговараат неограничено и солидарно за штетата настаната со таквата одлука. Одговорноста се утврдува согласно со одредбите од Законот за трговски друштва кои се однесуваат на органите на управување.

Член17

Во членот 20 ставот 3 се брише.

Член 18

Точката 7 "**Совет на вработените"** со членовите 22, 23 и 24 се бришат, а точките 8, 9 и 10 стануваат точки 7, 8 и 9.

Член 19

По точката 9 се додава нова точка 10 **"Јавност во работењето на јавното претпријатие"**.

По член 28 се додава нов член 28-а кој гласи:

"Јавност во работењето на јавното претпријатие се обезбедува со:

- објавување на Статутот, колективниот договор и општите акти на огласна табла во претпријатието;
- информирање на јавните гласила за работењето на јавното претпријатие;
- објавување на веб-страни на листата на информации од јавен карактер;

Член 20

Членовите 39 и 40 се бришат.

Член 21

Се задолжува правната служба на ЈП "Штип-проект"-Штип да изготви пречистен текст на Статутот.

Член 22

Статутот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип", а по претходна согласност на основачот.

Управен одбор
на ЈП Штип проект"Штип
Претседател,

Анчо Стојанов, с. р.

265.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВАЊЕ
НА ЈП "ШТИП-ПРОЕКТ"-ШТИП

I

Се објавува Одлуката за измена на Одлуката за основање на ЈП "Штип-проект"-Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-3327/2
16 ноември 2006 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,

Панде Сарев, с. р.

266.

Врз основа на член 1 став 3 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ", број 38/96, 6/02, 40/03 и 49/06) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општината Штип ("Службен галсник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 7 ноември 2006 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВАЊЕ
НА ЈП "ШТИП-ПРОЕКТ"-ШТИП

Член 1

Во Одлуката за основање на ЈП "Штип проект"-Штип, број 08-164/1 од 06.03.1997 ("Службен гласник на Општината Штип", број 3/96 и 6/96, членот 1 се менува и гласи:

Заради вршење на дејности од јавен интерес Советот на Општината Штип (во натамошниот текст основачот) основа Јавно претпријатие.

Дејности од јавен интерес се дејностите или одделни работи од дејностите со кои се остварува јавен интерес.

Член 2

Членот 3 се менува и гласи:

Јавното Претпријатие ќе ги врши следните дејности:

45 ----------------Градежништво

45.1----------------Подготвување на градилиште

45.11---------------Уривање и демонтирање на објекти - земјани работи

45.2----------------Изградба на цели објекти или нивни делови: нискоградба;

45.21---------------Подигање на згради (високоградба) и изградба на објекти на нискоградба

45.21/2------------Изградба на објекти на нискоградба

45.23--------------Изградба на автопатишта и други сообраќајници;

45.24------------- Изградба на хидроградежни објекти

45.25-------------Други градежни работи, вклучувајќи и специфични работи

45.3---------------Инсталатерски работи

45.31-------------Поставување електрични инсталации и прибор;

45.32-------------Изолациони работи

45.33-------------Поставување на водоводни инсталации;

45.34-------------Други инсталатерски работи

45.50-------------Издавање на опрема и машини за изградба или уривање, со оператор;

74.20------------Архитектонски и инженерски активности и соодветни технички совети;

74.20/1----------Просторно и урбанистичко планирање;

74.20/2----------Проектирање;

74.20/3----------Инженеринг

74.20/4----------Активности на геодетски работи

74.20/5----------Активности на геолошки рабооти и истражувања

74.20/6----------Други технички работи

74.30 -----------Технички испитувања и анализи

Член 3

Оваа Одлука стапува на сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-3327/1
7 ноември 2006 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

267.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ТЕКОВНОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈП "ШТИП-ПРОЕКТ"-ШТИП ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ-ЈУНИ 2006 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за тековното работење на ЈП "Штип-проект"-Штип за периодот јануари-јуни 2006 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-3328/2
16 ноември 2006 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

268.

Врз основа на член 21 точка 24 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 7 ноември 2006 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ТЕКОВНОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈП "ШТИП-ПРОЕКТ"-ШТИП ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ-ЈУНИ 2006 ГОДИНА

I

Се усвојува Извештајот за тековното работење на ЈП "Штип-проект"-Штип за периодот јануари-јуни 2006 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-3328/1
7 ноември 2006 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

269.

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 50/02), член 36 став 1 точка 5 и член 51 став 3 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), градоначалникот на Општината Штип на 6 ноември 2006 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНО-ПРОИЗВОДНИ И УСЛУЖНИ РАБОТИ "ИСАР"-ШТИП

1. За вршител на должноста директор на Јавното претпријатие за комунално-производни и услужни работи "Исар"-Штип **се именува Здравко Коцев**, дипломиран професор од Штип.

Должноста вд директор на ЈП "Исар" - Штип Здравко Коцев ќе ја врши до изборот на директор на јавното претпријатие.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-3292/1
6 ноември 2006 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,

Панде Сарев, с. р.

# С О Д Р Ж И Н А

| Р.б. | | страна/број |
|---|---|---|
| 259. | Решение за објавување на Одлуката за давање согласност на Статутот на Јавното претпријатие за комунално-производни и услужни работи "Исар"-Штип | 259/13 |
| 260. | Одлука за давање согласност на Статутот на Јавното претпријатие за комунално-производни и услужни работи "Исар"-Штип | 259/13 |
| 261. | Статут на Јавното претпријатие за комунално-производни и услужни работи "Исар"-Штип | 260/13 |
| 262. | Решение за објавување на Одлуката за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за урбанизам и уредување на градежното земјиште "Штип-проект"-Штип | 274/13 |
| 263. | Одлука за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за урбанизам и уредување на градежното земјиште "Штип-проект"-Штип | 275/13 |
| 264. | Одлука за измена и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за урбанизам и уредување на градежното земјиште "Штип-проект"-Штип | 275/13 |
| 265. | Решение за објавување на Одлуката за измена на Одлуката за основање на ЈП "Штип-проект"-Штип | 279/13 |
| 266. | Одлука за измена на Одлуката за основање на ЈП "Штип-проект"-Штип | 279/13 |
| 267. | Решение за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за тековното работење на ЈП "Штип-проект"-Штип за периодот јануари-јуни 2006 година | 281/13 |
| 268. | Заклучок за усвојување на Извештајот за тековното работење на ЈП "Штип-проект"-Штип за периодот јануари-јуни 2006 година | 281/13 |
| 269. | Решение за именување на вршител на должноста директор на Јавното претпријатие за комунално-производни и услужни работи "Исар"-Штип | 282/13 |